Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-240/3
Датум: 28-03-2025

Постапувајќи по претставка бр. 08 – 240/1 од ден 20.2.2025 година, поднесена од [redacted] против Полициска станица Карпош и [redacted], за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на домувањето, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14, а во врска со член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**
**За отфрлање на претставката поради неуредност**

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08 – 240/1 од 20.2.2025 година, поднесена од [redacted] против Полициска станица Карпош и [redacted], за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на домувањето **ПОРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

**Образложение**

На ден 20.2.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] против Полициска станица Карпош и [redacted], за заштита од дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на домувањето, заведена под архивски број 08-240/1.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не беа јасно наведени фактите и околностите врз кои се темели претставката, не беа наведени податоци за лицето против кого се поднесува претставката, како и не беа наведени доволно информации за правните дејства што ги вложил подносителот, Комисијата согласно член 24 став 2 од истиот Закон, на ден 3.3.2025 година, до подносителот направи обид за достава преку пошта на Барање за доуредување на претставката бр. 08-240/2.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доби поштенска испратница, видно од која подносителот е известен, но не побарал. Оттука, обидот за достава на Барањето за доуредување на претставката на адресата наведена во претставката беше неуспешен.

Врз основа на наведеното Комисијата заклучи дека претставката не ги содржи основните елементи за постапување предвидени со член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и дека не постојат услови истата да биде доуредена.

Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката со бр. 08 – 240/1 од 20.2.2025 година поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Димко Бејзароски

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk